

# Baumit CeramicFix

## Системско лепило за керамика и камен кај фасадните системи




- **Висока флексибилност**
- **Добра обработливост**
- **Јако и долготрајно лепење**

**Производ**
Флексибилен монтажен малтер за лепење керамички плочки во областа на фасади.

**Состав**
Камен агрегат, цемент и органски врзива, како и адитиви за подобра обработка и адхезија

**Својства**
Флексибилен, мазен и лесен за обработка, многу силна адхезија на подлогата, висока јачина како и долготрајни врски. Отпорен на атмосферски влијанија и мраз по стврднување.

**Аплицирање**
За лепење керамички плочки, плочки од тули и природен камен во Баумит Ceramic системот.

**Облик на испорака**
Вреќа 25 кг, 1 палета = 42 вреќи = 1050 кг

**Складирање**
12 месеци на суво место и на дрвени палети со фолија.

**Гаранција за квалитет**
Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**
Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**
Подлогата мора да биде цврста, носечка, сува, чиста и рамна. Минималното време на стоење на армираниот малтер мора да биде 1 ден / мм дебелина на малтерот, но најмалку 7 дена.

**Обработка**
Baumit CeramicFix измешајте го со миксер со бавно вртење додека не стане хомогена маса без грутки. По времето на созревање приближно 5 минути уште еднаш кратко измешајте. Да не се меша со било каков друг материјал. Лепењето да се изведе со комбинирана Buttering -Floating постапка. За да можете да го изведете тоа прво нанесете тенок контактен слој CeramicFix на подлогата, по можност рамномерно и со еднаква дебелина на слојот. Потоа малтерот за лепење да се нанесе и обработи со запчеста глетарка. После тоа, малтерот мора да се нанесе на задната страна на облогата од керамика или природен камен, исто така со запчеста мистрија. Облогата со лизгачки движења се втиснува во уште свежата маса за лепење. Лепењето би требало по можност да се изведе по целата површина. Големината на површината за нанесување треба да одговара на апсорпцијата на подлогата, временските услови и да биде во согласност со брзината на извршување. Остатоците од малтерот во спојниците треба да се изгребаат и нечистотијата да се отстрани со влажен сунѓер. Фугирање треба да се направи по прибл. 7 дена.
Потрошувачка:прибл. 3 $kg/m^2$

**Напомени и општи информации**
Да не се обработува за време на дожд, директна изложеност на сончева светлина или силен ветер, површината за лепење да се заштити од временските услови. Подлогата, плочките или плочите не смеат да бидат премногу влажни. Ако на лепилото се појави кора, тогаш не смее да се постави. Малтерот за лепење мора да се отстрани и веќе не смее да се користи. Да не се обработува доколку температурата на воздухот, материјалот и подлогата е пониска од + 5 °C, или поголема од + 30 °C

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



Baumit Dooel
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk